Архивски бр. 08-373/2
Датум 07-02-2025

# ЗАПИСНИК
## ОД УВИД ВО АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ

Министерството за правда на ден 29.04.2024 (вторник) во 09 часот, согласно Планот за надзор на примената на одредбите на Судскиот деловник бр. 08-1154/3 од 26.03.2024 година, го започна увидот за функционалноста на АКМИС во Апелационен суд Скопје.

Надзорот се одржа во присуство на Претседателот на судот Мери Дика Георгиевска, судскиот администратор Маја Христовска и информатичарот задолжен за АКМИС системот Наташа Однакозова Жабокова.

Согласно со актот за систематизација и одлука број 02-2114/1 од 01.12.2025 година на Судскиот совет, во Апелациониот суд Скопје предвидено е судиската функција да ја вршат вкупно 52 судии. Ситуацијата со бројот на судии во изминатите две години е помал од предвидениот, и тоа во 2022 бројот на судии бил 33, а во 2023 година 28 судии. Судската служба на крајот на 2022 година брои 120 вработени судски службеници, а на крајот од 2023 година брои 118 вработени судски службеници (од предвидени 198 по систематизација). Заради намален број на судии и нивната преголема ангажираност со сите тековни активности касни изготвувањето на Извештаите од извршените надзори кон пониските судови од нивното апелационо подрачје.

Со тонското снимање во судот опремени се вкупно три судници, од кои две граѓански и една кривична, со нова опрема од 2022 година

Судот има свои двајца претставници во Работното тело за стандардизација (еден информатичар и еден судија). Во текот на 2023 година АС Скопје се има обратено до Работното тело со барање за повторно актуелизирање на прашањето за унифициран пристап и имплементација на член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и унифицирано, целосно објавување на бараните информации на веб страниците на судовите.

Електронската достава до адвокатите и до некои поголеми правни субјекти се интензивира во последните години. Според последниот извештај, по последниот квартал преку електронска достава испратени се 360 судски акти.

Надзорната комисија ја побара документацијата наведена во горespomenatiot допис да биде доставена на увид и при тоа во однос на бараните документи беше утврдено следното:

1. **Судски администратор**

   Во судот има судски администратор, Маја Христовска, со која се вршеше интервјуто.

2. **Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2022 и 2023 година**

   Судскиот администратор не извести дека е донесена одлука со која е формирано работно тело за управување со движење на предметите во судот, и тоа во 2022 година одлуката со број Су-03-42/22 од 07.02.2022 година и во 2023 година одлуката со број Су-03-178/23 од 12.05.2023 година.

3. **Годишен план за управување со движењето на предметите за 2022 и 2023 година по предлог на работното тело**

   Годишен план за управување со движењето на предметите за предвидениот период е исто така донесен. На увид беа доставени Су-03-44/22 од 07.02.2022 година и Су-03-112/23 од 10.03.2023 година.

4. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно за 2022 и 2023**

   Во судот претседателот врши надзор најмалку двапати годишно, воедно и заради почитување и проверка на ISO 9001: 2015 стандардите. За таа цел на Комисијата на увид и беа приложени следните извештаи од преиспитување на раководството: Су-03-27/22-1 од 09.02.2022 година, Су-03-39/22-33 од 05.10.2022 година, Су-03-39/22-35 од 05.12.2022 година, Су-03-37/23-23 од 17.02.2023 година и Су-03-400/23-15 од 06.12.2023 година.

5. **Извештаите на повисокиот суд за работата на основниот суд за 2022 и 2023 година**

   Апелациониот суд Скопје врши редовни посети заради надзор над пониските судови од своето апелационо подрачје, меѓутоа поради преголема ангажираност на судиите каснат со изготвувањето и доставувањето на извештаите од извршените надзори.

Во 2023 година извршени се работни посети на Основен граѓански суд Скопје, Основен кривичен суд Скопје, Основен суд Неготино, Основен суд Крива Паланка, Основен суд Куманово, Основен суд Велес, Основен суд Кратово, Основен суд Кавадарци и Основен суд Гевгелија.

6. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво увид во записници**

   **Комисијата беше известена дека редовно се одржуваат седници на судии што беше констатирано со увид во записниците Су.бр.433/22 од 10.05.2022 година, Су.бр. 911/23 од 04.09.2023 година и Су.бр. 652/23 од 06.07.2023 година.**

   **Исто така се одржуваат седници и на ниво на оддели.**

7. **Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС**

   Тековни интерни обуки во врска со новитети во примената на АКМИС или обучување на нов вработен/ новоизбран судија се врши од страна на вработените во судот.

   Исто така на интерната веб страна на судот за вработените достапни се упатства за АКМИС на кои можат да им пристапат во секој момент.

8. **Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период**

   Судот има изработени списоци на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи при користење на АКМИС, СУ-07-8/22 од 17.01.2022 година и СУ-07-4/23 од 10.01.2023 година. На надзорната комисија и беа доставен и овие списоци во кои се евидентира секоја промена на привилегиите.

   Секој корисник се најавува со сопствено корисничко име и лозинка со што недвосмислено се знае кој и од каде извршил пристап на системот.

9. **Статистички извештај за работата на судот доставен до судски совет на РСМ кој треба да содржи и анализа за начин на решавање на решени предмети , одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

   Претседателот на судот информирање дека ваквите извештаи се доставуваат на квартално ниво до Судски совет на РСМ и месечно се објавуваат на веб страницата на судот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија

Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

10. **Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, исто за контролираниот период**

Внатрешните процедури за одделни процеси при управување со движење на предметите во Апелациониот суд Скопје, за контролираниот период се донесени, што се заклучи со увид во истите: СУ-3-43/22 од 07.02.2022 година, СУ-3-16/23 од 09.01.2023 година и дополнување во 2023 година, со СУ-3-16/23-2 од 09.05.2023 година.

11. **Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат)**

Во 2023 година е донесен Годишен распоред за работа според кој во судот функционираат следните оддели: Кривичен оддел, Граѓански оддел, Трговски оддел, Оддел за работни спорови и Оддел за судска практика.

12. **Годишниот распоред на судии и сите измени на годишниот распоред на судии, со записници за запазена процедура, за 2022 и 2023 година, дали се донесени до 31.12 и колку пати се менувани и дали е запазена процедурата**

Годишниот распоред за работа на судии и сите измени на годишниот распоред на судии, со записници за запазена процедура, за последните две години беа дадени на увид. Истите се донесени до 31 декември претходната година со запазена процедура односно на седница на судии со прибавено мислење од сите судии, за што е изготвен записник.

Истите се заведени под следните броеви: СУ–03-467/21-2 од 23.12.2021 година и СУ-03-355/22 од 29.12.2022 година.

Годишниот распоред за 2022 година е изменет и дополнет девет пати, додека пак Годишниот распоред за работа на судските совети е изменет и дополнет пет пати.

13. **Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за 2022 и 2023 година**

Од страна на Претседателот на судот беше истакнато дека во судот нема потреба од донесување на месечни распореди. Во судот се организираат дежурства само за време на судска ферија и тоа дежурен судија има само во работно време. Извршен увид во месечни распореди кои се однесуваат за период на ферија и тоа СУ 03-200/22 од 08.07.2022 година и СУ 03-260/23 од 06.07.2023 година.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

14. **Огласна табла на судот**

    Судот располага со огласна табла која е во функција.

15. **Простории за судии поротници и за адвокати**

    Во судот има обезбедено просторија за адвокати.

16. **Задолжително формирање на канцеларија за односи со јавноста**

    Во судот има формирано канцеларија за односи со јавност и судски службеници задолжени за односи со јавност.

17. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

    Во Апелациониот суд Скопје формирано е Одделение за информатика како посебна организациона единица во која се вработени еден информатичар и еден техничар. Тенденцијата на судот е, поради огромно значење на кадарот од областа на информатиката, оваа година да се подигне систематизацијата во оваа област на ниво на Служба.

    *Препорака: Со цел да се одржува функционалноста на АКМИС, да се најде начин како да се задржи и мотивира ИТ кадар во судството.*

18. **На кој начин судот најмалку еднаш годишно ја информира јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите.**

    Апелациониот суд Скопје редовно објавува информации во врска со своето работење на веб страната на судот. Судот ја информира јавноста за резултати од работењето на судот и судиите преку соопштенија на веб страната, одлуки и статистики од јавен интерес, редовно објавување на месечни, квартални и годишни извештаи на веб страната.

19. **Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети**

    Со одлуки СУ-07-3/2022 од 14.01.2022 година и СУ-07-2/2023 од 09.01.2023 година определена е Наташа Однакозова Жабокова – раководител на одделение за информатика како судски службеник одговорен за АКМИС.

    Распределбата и прераспределбата на предмети ја вршат четворица судски службеници – водители на уписник во граѓанска и кривична материја (кривично полнолетни, кривично малолетни и прекршоци) соодветно.

20. **Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети, за 2022 и 2023 година**

Исклучување и повторно вклучување на судии од распределба на предмети од АКМИС се врши со образложена наредба за причини за исклучување (СУ-03-14/22 од 11.01.2022, СУ-894/23 од 25.07.2023, СУ-323/23 од 20.03.2023, СУ-407/22 од 13.04.2022, СУ-03-278/21-1 од 01.03.2022 година, СУ-410/22 од 13.04.2022 година, СУ-993/23 од 09.10.2023 година. Исклучувањата се вршат доколку судијата е отсутен подолго од пет работни денови, но не се врши исклучување од автоматска распределба за време на годишните одмори. За време на судската ферија редовните предмети се распоредуваат автоматски, додека итните предмети се распоредуваат на дежурните судии согласно распоредот за работа.

21. **Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2022 и 2023 година**

Изземањето на судија известител се врши со Решение кое е образложено, по што предметот се враќа на повторна автоматска распределба. Беше посочено дека најчеста причина за изземање на судии во АС Скопје е поради тоа што не е обезбеден сигурносен сертификат.

Комисијата беше известена дека во случај на изземање на член на совет (составен од тројца или пет судии) предметот се предава на заменикот судија, а во случај на изземање на судија известител, предметот се враќа на повторна автоматска распределба преку АКМИС (СУ-ИЗЗ-206/23 од 01.09.2023 година, СУ-ИЗЗ-148/23 од 03.05.2023 година, СУ-ИЗЗ-145/23 од 0.05.2023 година, СУ-ИЗЗ-116/22 од 29.03.2022 година, СУ-ИЗЗ-217/23 од 20.09.2023 година, СУ-ИЗЗ-39/22 од 15.02.2022 година).

*Препорака 1: Во 2022 година најголем број на изземање во судот што довеле до промена на судија и одложување на постапките пред судот се од причини на ненавремено постапување на надлежната институција за обезбедување на безбедносни сертификати на судиите.*

*Ова довело до ризик за можно влијание еден предмет кој автоматски преку АКМИС бил доделен на судија истиот да не може да постапува, што доведува до постапување на друг судија кој има безбедносен сертификат, односно концентрација на предмети само на тој судија и одолговлекување на постапките по предметите пред судот. Од овие причини, институцијата што е надлежна за обезбедување на сертификатите и судот да направат навремен план за стекнување на судиите со доволен број на безбедносни сертификати.*

*Исто така, надлежната државна институција да направи увид и контрола зошто не бил запазен рокот и биле одолговлекува постапките за издавање на безбедносни сертификати на судиите во судот.*

*Препорака 2: Една од причините за одолговлекување на постапките и повторување на постапките во судот се недоволен број на судии поротници и нивно пензионирање на 60 годишна возраст. Да се преиспита системот со назначување на судии поротници, со цел да не се создаваат пречки во постапката по предметите и нивно одолговлекување и застарување.*

*Во судот има само 4 судии поротници. Надоместокот и условите за именување довеле до оваа состојба, согласно што е потребна итна реакција за да се овозможи непречено функционирање на судовите.*

22. **Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување**

Месечните извештаи на работното тело во судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на создавање и намалување на заостаток на нерешени предмети и застој на движење на предметите во судот, се изработени и доставени до претседателот на судот. Извршен увид во СУ-07-5/22-3 од 15.02.2022 година, Су-07-5/22-9 од 17.09.2022 година, Су-07-1/23-3 од 10.03.2023 година и Су-07-1/23-7 од 10.07.2023 година.

23. **План за годишен одмор на судиите за 2022 и 2023 година**

Претседателот на судот појасни дека во судот редовно се носат планови за годишни одмори за судиите. На увид на комисијата и беа доставени планот за 2022 година, документ со број Су-04-26/22 од 05.07.2022 година и планот за 2023 година, документ со број Су-04-45/23 од 27.06.2023 година.

24. **Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот**

За време на увидот детално се проверени дел од уписниците од 2022 и 2023 година.

Сите уписници по кои постапуваат повеќе судии се вклучени на автоматска распределба (КЖ, ПРКЖ, ГЖ, РОЖ, ТСЖ, КОКЖ), но постојат и уписници по кои постапува само еден судија (КЖМ, КСЖ, КР и Р). По уписниците од судска управа - СУ и уписникот СПИ постапува претседателот на судот.

Уписниците од Судска управа по кои постапува претседателот на судот се водат во АКМИС, а исто така и актите од овие уписници се изготвуваат во АКМИС.

Редовните предмети се распоредуваат автоматски во сите уписници кои се вклучени во автоматска распределба, освен поврзаните предмети, итните предмети и уписниците за кои е доделен само еден судија.

На денот на надзорот при проверка на контролниците беа воочени вклучување и исклучување на судии на ист датум, и тоа на 01.11.2022 година, 06.12.2022 година, 27.11.2023 година.

Во Апелационен суд Скопје исклучување на судии од распределба на предмети се прави врз основа на соодветна наредба која ги содржи причините за исклучување, а ја носи претседателот на судот. Во пракса – по усна најава на судија дека ќе отсуствува подолго од пет дена, истиот веднаш се исклучува од распределба за да не добие во работа предмет од итен карактер, затоа што не може да се направи повторна распределба на предмети од итен карактер во ист ден, а роковите за одлучување на итните предмети се кратки и течат од приемот, и во меѓувреме се носи наредбата за исклучување од страна на Претседателот на судот. Во многу ретки случаи судијата одлучува дека за деновите на отсуство од работа наместо боледување ќе користи денови од преостанат годишен одмор, по што тој веднаш се вклучува во распределба на предмети.

Исто така, на денот на надзорот немаше нераспределени предмети со датум на внес постар од тековниот.

25. **Сите одлуки за рачна распределба на предмети, од АКМИС за 2022 и 2023 година**

Претседателот на судот информирање дека нема одлуки за рачна распределба на предмети.

26. **Преглед на информатичката опрема со која располага судот**

На надзорната комисија и беше доставен на увид Список на информатичка опрема со која располага Апелационен суд Скопје. Бевме информирани дека АС Скопје располага со компјутерска опрема која ги задоволува потребите на вработените и работењето во целост. Бидејќи дел од опремата се користи повеќе

од шест години и е прилично амортизирана, планирана е нивна замена со нови уреди во текот на 2025 година, за што веќе се побарани финансиски средства во планот за буџет за наредната година.

Комисијата беше информирана дека во судот има нов сервер кој е доставен во 2022 година ги задоволува потребите во судот.

## 27. Скенирање на влезни документи

Надзорната комисија беше информирана дека во Апелациониот суд Скопје се скенираат само поднесоци испратени директно до судот, како на пример дополнение на жалба, трошковник, ургеницијa (ако истата е одобрена), разни барања (за увид во предмет, одлагање на јавна седница, правосилност), интерни документи (наредби, службени белешки), доставени предлози од ВЈО во врска со кривични предмети, одлуки по редовни и вонредни правни лекови и сл., доставени вештачења.

Судот располага со вкупно 10 скенери, од кои два се набавени во 2022 година, а преостанатите осум во 2023 година, и истите редовно се користат и ги задоволуваат потребите за скенирање на документи.

## 28. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)

Комисијата беше информирана дека автоматската распределба на предметите во судот се врши еднаш дневно во 14 часот. Итните предмети се распределуваат веднаш.

На денот на надзорот немаше нераспределни предмети со датум на внес постар од тековниот. Предметите редовно електронски се праќаат до судиите.

## 29. Електронски прием на предмети од страна на судиите

Надзорната комисија беше информирана дека електронскиот прием на предмети се врши редовно од писарница до судија и обратно, согласно привилегиите.

## 30. Уписници што се водат во хартиена форма

Надзорната комисија беше информирана дека во Апелациониот суд Скопје нема уписник во хартиена форма, односно сите уписници се водат електронски.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

31. **Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за контролираниот период, број**

Надзорната комисија беше информирана дека во судот редовно се објавуваат анонимизирани правосилни одлуки на судскиот веб портал. Бројот на објавени одлуки за 2022 година изнесува 10095, за 2023 година изнесува 5376 одлуки, а од 2024 година се објавуваат и неправосилни одлуки.

32. **Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници.**

Комисијата беше известена дека редовно се одржуваат седници на судии што беше констатирано со увид во записниците Су-433/22 од 10.05.2022 година,, Су 652/23 од 07.06.2023 година за одржани седници.

33. **Надзор над работата на нотарите**

Надзор над работата на нотарите вршат основните судови. Апелациониот суд Скопје врши надзор над работата на основните судови од своето апелационо подрачје.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk